# Дино Мерлин на Евросонг



**БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (Ројтерс)** - Турската поп-ѕвезда и гостин Мустафа Сандал (лево), сопруг на пејачката Емина Јаховиќ, и кандидатот за Евросонг на Босна Дино Дервишхалидовиќ се смеат кон публиката по изведбата на евровизиската песна во Сараево.

Дино Мерлин го напиша текстот за песната "Љубовта се враќа" (Love in Rewind), која ќе ја пее на претстојната Евровизија, што ќе се одржи од 10 до 14 мај, во Диселдорф, Германија.

Македонскиот претставник ќе биде избран в недела, во Универзалната сала во Скопје.

ВЕЧЕРВА НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА"

# Викторија Лоба - откритие на годината

Викторија Лоба ќе ја добие наградата за откритие на годината, вечерва на шоуто "Златна бубамара на популарноста", во Универзалната сала. Манифестацијата започнува во 20 часот, а се одржува по 14. пат.

Годинешново мото е "Водете љубов, а не политика", а домаќин повторно е Сашко Коцев. Организаторот Ранко Петровиќ и оваа година не ги открива гостите, ниту сценариото кое ќе биде изненадување за публиката. Негова препорака е поради хаосот со паркинг, во Универзалната сала да се дојде со такси, а вели дека секој оној што има билет за шоуто има злато во рацете.

Викторија Лоба е млада поп-пејачка со руско потекло, актуелна како дел од музичкото шоу "Котон клуб" со Петар Ренцов, на телевизијата "Алфа". Снимка од "Златна бубамара" ќе гледаме в петок во 20 часот, на телевизијата "Канал 5".

Годинава, наградата за животно дело ќе ја добие Кемал Монтено, а наградата за трајни вредности - Јанко Узунов. **(М.Ц.)**



Фото: О. Теофиловски

# "Со љубов отклучи" - ново цеде на Милица и Гоце

Фолк-пејачката Милица Кузмановска и авторот Гоце Цуклески ја ставија заедничката 14-годишна соработка на цеде, кое го насловија "Со љубов отклучи". На албумот, во издание на "Мистер компани", има девет песни испеани и наградувани на различни фестивали. Нивната соработка почна уште во 1997 година, со првата песна "Мој ангелу".





- Четиринаесет години соработка не е малку и драго ми е така да продолжиме и понатаму. Текстовите и аранжманите на овој албум ги имаат работено мајсторите на занаетот, како што се Дамир Имери, Сашо Ливрински, Огнен Неделковски, но и Наум Цуклески. Ова е исклучиво авторско цеде на Гоце, но наскоро ќе почне подготовката на нов албум со преработка на стари македонски песни - вели Милица, која неодамна се врати од турнеја низ Америка. **(В.М.)**